АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22-11-2017
Орг. единица: 03 | Број: 5269 | Прилог: 1 | Вредност:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 ноември 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според кој радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

   Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите ("Службен весник на Република Македонија" бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци **третиот пат да ги објават најдоцна до 31 октомври.**

5. **Претходно изречена мерка:** Со редовниот административен надзор спроведен на 24.04.2017 година беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не ја исполни оваа обврска во првиот предвиден рок за објавување на податоците – најдоцна до 31 март 2017 година (Писмен извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-2244/1 од 24.04.2017 година), за што му беше изречена мерка опомена и му беше даден дополнителен рок од 45 дена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот (Решение за преземање мерка – опомена бр.03-262 од 04.05.2017 година). На 17.05.2017 година, беше спроведен контролен надзор со кој беше констатирано дека постапил по Решението и дека ги објавил податоците, односно дека ја исполнил ова законска обврска (Писмен извештај од извршен контролен административен надзор бр.03-2524/1 од 17.05.2017 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не ја исполни обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, во третиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му даде дополнителен рок од 45 дена, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја изврши обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***